**Известување за концентрација со која АТЛАНТИЦ ДРОГА КОЛИНСКА, Прехранбена индустрија д.о.о., Љубљана, Република Словенија ќе стекне контрола врз ОСЕМ Друштво за производство, трговија и услуги д.о.о., Мурска Собота , Република Словенија**

**(предмет бр. 08-133/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АТЛАНТИЦ ДРОГА КОЛИНСКА, Прехранбена индустрија д.о.о., со седиште на Колинска улица 1, 1000 Љубљана, Република Словенија има намера да стекне единствена контрола врз ОСЕМ Друштво за производство, трговија и услуги д.о.о., Мурска Собота, со седиште на Чопова улица 28, 9000 Мурска Собота Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АТЛАНТИЦ ДРОГА КОЛИНСКА, Прехранбена индустрија д.о.о., е трговско друштo чија дејност опфаќа производство на прехранбени производи, со посебен фокус на деликатесни намази, паштети од месо и риба, како и други прехранбени производи. Друштвото работи на пазарите во Југоисточна и Централна Европа, обезбедувајќи широк спектар на производи за секојдневна потрошувачка и е еден од водечките производители на храна во Југоисточна Европа, со истакнати брендови Barcaffè, Cockta, Donat и брендот Argeta во сегментот на деликатесни намази.

АТЛАНТИЦ ДРОГА КОЛИНСКА, Прехранбена индустрија д.о.о., е дел од групацијата Атлантик Група д.д. Загреб, чиј мнозински сопственик е Myberg d.o.o..

АТЛАНТИЦ ДРОГА КОЛИНСКА, Прехранбена индустрија д.о.о., е во целосна сопственост на Атлантик Траде Друштво со ограничена одговорност за производство, внатрешна и надворешна трговија, посредништво и агенции.

Атлантик Траде е присутен на пазарот во Република Северна Македонија како содружник со учество од 75% во друштвото:

- Друштво за промет и услуги АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден, со регистрирана дејност трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер.

Дополнително, Атлантик Траде се јавува и како единствен содружник на друштвото Атлантик Гранд ДОО Шимановци, кое пак е присутно на пазарот во Република Северна Македонија како единствен основач во друштвото:

- Друштво за производство, трговија и услуги АТЛАНТИЦ ГРАНД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, со регистрирана дејност трговија на големо со кафе, чај, какао и зачини.

ОСЕМ  Друштво за производство, трговија и услуги д.о.о., Мурска Собота **,** е друштво чија примарна дејност е производството и продажба на месо, месни намази и преработки. Во своето портфолио, ОСЕМ  Друштво за производство, трговија и услуги д.о.о., го поседува брендот „Кекец“ и производствена локација во Мурска Собота, Словенија.

ОСЕМ  Друштво за производство, трговија и услуги д.о.о., нема подружници и не е присутно во Република Северна Македонија и неговите производи не се присутни на пазарот.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар на солени намази кој вклучува месни намази (вклучувајќи паштети), рибни намази (вклучувајќи паштети), растителни намази и млечни намази (сирни и млечни намази) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

12.09.2025 година

Скопје